| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Децата и улицата |
| **Содржина на денот** | Крстосница |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Весна Спасова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема –како одржуваме лична хигиена додека патуваме во нашето возило. |
| **Активности** | Со Вашето дете може да се запознаете со правилата во сообраќајот. Заедно организирајте прошетка до блиската крстосница каде детето непосредно ќе може да се запознае со сите учесници и чинители во сообраќајот. Кога ќе дојдете до крстосницата разговарајте што забележувате -како се вика местото каде се вкрстуваат две улици(крстосница), каде се поминува улица(пешачки премин),к ога може да преминеме улица, кој ни помага да преминеме улица додека сме мали, кои се боите на семафорот и што значат тие, како се викаат сите учесници во сообраќајот(пешаци), каде се движат пешаците за да бидат безбедни(тротоар). Потоа заеднички со Вашето дете преминете ја крстосницата и притоа разговарајте со нив за правилата за безбедно преминување и однесување како учесници во сообраќајот. Кога ќе се вратите во Вашиот дом заедно со детето може да направите крстосница, семафор и возила од картони, кутии и различна амбалажа. Додека играте разговарајте со децата на тема правила во сообраќајот и така ќе стекнете увид колку детето ги има усвоено овие сознананија. |